08-1947/1
11-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 08-614/1 од 02.02.2023 година, за лицата __________ претседател, ___________заменик претседател, _______________ член, ________ член и _________ член на Агенцијата за ______________, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причини што за истите веќе се постапувало или им се изречени прекршочни казни за неподнесување на анкетни листови .

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на анонимен подносител поднесена е писмена пријава за проверка на имотната состојба против повеќе лица членови на Агенцијата за ___________________ зведена со бр. 08-614/1 од 02.02.2023 година.

ДКСК на _________ претседател на управен одбор на Агенцијата за ______________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1118/4 од 27.03.2023 година, за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

ДКСК на ___________ заменик претседател на управен одбор на Агенцијата за __________________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-4222/2 од 27.04.2022 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

ДКСК на ____________, член на управен одбор на Агенцијата за __________________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1117/2 од 16.02.2023

година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

ДКСК на _______________, член на управен одбор на Агенцијата за _______________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-4868/2 од 11.05.2022 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

ДКСК на _________________, член на управен одбор на Агенцијата за _____________________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-4219/2 од 27.04.2022 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Имено во член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) дефинирани се лицата кои имаат обврска да поднесат изјава за имотна состојба и интереси.

Имајќи предвид дека за лицата кои се предмет на пријавата, веќе е постапувано во други предмети, донесени се одлуки и изречени се прекршочни санкции, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** Б.Ц, член